| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Домашни миленичиња |
| **Содржина на денот** | Ав, ав, Шарко лае |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Александра Миладинова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Правилна употреба на ликовниот прибор и хигиена на рацете по работење со истиот. |
| **Активности** | Моделирање од пластелин - Коска за Шарко<br>Возрасниот разговара со детето,  го запознава со домашни миленичиња со практични примери како возрасните се грижат  и чуваат миленичиња во домот.  Му набројува и го потсетува на куче, маче, рипка, и др. домашни миленичиња. Потоа може да се пуштаат звуци од животните од музичка сликовница или од интернет, а детето ги воочува и заедно ги препознава, именува, и опишува миленичињата од сликите. Детето мотивирано ги слуша звуците и се обидува да ги имитира миленичињата по звук, а возрасниот му помага  со прашања: Како прави мачето?  Како прави кучето?.<br>Откако ќе заврши играта со сликовницата возрасниот му објаснува на детето со што се хранат домашните миленичиња ,мачето со млеко, кучето со коски, и го поттикнува  детето од палстелин да направи коска за Шарко да не биде гладен. Му ја покажува постапката за работа со пластелинот, детето се обидува самостојно да моделира коска за кучето Шарко. По завршувањето коската се става во посебна чинија за да има Шарко храна и да не биде гладен. |